REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 05-1752/1
29.12.2025 год./viti
Skopje

Врз основа на член 9 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на РСМ" бр. 255/2024), член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија бр. 14/07, 103/08, 130/08,139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23 и 59/25), а во врска со Одлука за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија донесена од Влада на РСМ бр.44-12843/1-20 од 13.03.2021г., и Одлука за дополнување на Одлуката за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија донесена од Влада на РСМ бр.40-6837/1 од 23.06.2021г, Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на својата сто деведесет и втора редовна седница, одржана на 29.12.2025 година, донесе:

# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ

**Предмет на упатството**

**Член 1**

Со ова Упатство се уредуваат правото, условите и начинот на користење на буџетските средства наменети за угостителски услуги во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, лицата со право на користење на средствата за угостителски услуги, максималниот износ на средствата за угостителски услуги на годишно ниво и начинот на контрола и следење на трошоците за угостителски услуги.

**Цел на упатството**

**Член 2**

Ова Упатство ги утврдува правилата, критериумите и процедурите за планирање, користење, оправдување и евидентирање на средства за угостителски услуги, согласно важечката регулатива и ограничувањата утврдени со:

- Одлуките на Владата на РСМ
- Законот за технолошки индустриски развојни зони
- Други важечки законски прописи

Целта е да се обезбеди **рационално**, **транспарентно** и **наменско** користење на средствата, без можност за злоупотреба.

## Значење на поимот угостителски услуги

**Член 3**

Угостителски услуги претставува расход кој се јавува во текот на редовното работење на Дирекцијата за ТИРЗ и се однесува на трошоци направени поради остварување на добри деловни односи при одржување на работни состаноци.

Угостителски услуги се нарачки на храна и пијалоци во угостителските објекти во Република Северна Македонија, исклучок од одредбите на ова Упатство се угостителски услуги настанати при одржување на меѓународни конференции, меѓународни форуми, прием на странски делегации и останати пригодни свечености кои се во функција на ефикасно извршување на работите во надлежност на Дирекцијата за ТИРЗ, како и трошоци настанати при одржување на меѓународни конференции, меѓународни форуми, прием на странски делегации и останати пригодни свечености кои се во функција на ефикасно извршување на работите во надлежност на Дирекцијата за ТИРЗ.

## Лица со право на користење на средства за угостителски услуги

**Член 4**

Право да користат средства за угостителски услуги ( во натамошниот текст: корисник на угостителски услуги ) имаат:

1. Директор,
2. Заменик директор, и
3. Други лица вработени или ангажирани во Дирекцијата за ТИРЗ на кои Директорот им одобрил користење на вакви средства за угостителски услуги.

Корисникот на угостителски услуги е одговорен за економично и разумно трошење на средствата за угостителски услуги.

## Максимален износ на средствата за Угостителски услуги

**Член 5**

Средствата за угостителски услуги се планираат годишно, во Буџетот и Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за ТИРЗ.

Врз основа на одобрениот Буџет, секоја година Директорот донесува Решение за набавка на угостителски услуги во земјата и странство во кое се определува максималниот износ за набавка на овој вид на услуги.

Расходите за угостителски услуги при работни состаноци во земјата организирани од Директорот на Дирекцијата за ТИРЗ изнесуваат до 1.000 денари по лице.

## Признавање на трошоци за угостителски услуги

### Член 6

При поднесување на сметка за угостителски услуги во странство, задолжително истата треба да содржи оригинал сметка како фискална сметка, слип од кредитна картичка, опис на целта за направениот трошок и потпис од лицето кое го направило трошокот. Во случај кога подносител на сметката е лице вработено во Дирекцијата на кое Директорот му одобрил користење на вакви средства за репрезентација, сметката мора да биде одобрена со потпис од страна на Директорот.

При реализација на угостителски услуги во угостителските објекти во Република Северна Македонија, корисникот на угостителски услуги мора претходно да направи задолжителна најава (резервација) преку лицето задолжено за следење на реализацијата на договорот за набавка на угостителски и хотелски услуги во земјата, која ќе е доставена до угостителскиот објект за карактерот на службената потреба (работен состанок), во кој е наведен број на лица гости на настанот, и истата треба да содржи име и презиме и потпис на корисникот на средствата за угостителските услуги кој го направил трошокот. За направениот трошок се доставува фактура со спецификација за порачаната храна и пијалоци. Спецификацијата за направените трошоци се потпишува од издавачот на спецификацијата и корисникот на услугата, со полно име и презиме, своерачен потпис и датум на користење на услугата.

Вработениот кој користи средства за угостителски услуги е одговорен за целосна и точна документација.

Во случај на пречекорување на дозволениот лимит за користење на средства за угостителски услуги, утврдени во член 5 од ова Упатство, лицата кои го го сториле пречекорувањето ќе го надоместат пречекорениот износ на средства најдоцна три работни дена од денот кога е сторено пречекорувањето на приходната сметка на Дирекцијата за ТИРЗ.

## Плаќање и контрола на трошоците за угостителски услуги

### Член 7

Плаќање и контрола на трошењето на средствата за угостителски услуги води Секторот за управување со ресурси, одделение за финансиски прашања, врз основа на претходно одобрено плаќање од страна на Директорот.

Заради признавање на трошоците за угостителски услуги, потребно е да се почитува процедрата за плаќање на финансиски документи и задолжително во прилог да е приложена направената резервација.

Корисникот на услугата, задолжително доставува и извештај за природата и целта на работниот состанок, бројот на присутни лица, време, место, датум на работниот состанок и потпис. Без резервацијата и извештајот за природата и целта на работниот состанок, Секторот за управување со ресурси, одделение за финансиски прашања, нема да изврши исплата.

Податоците за остварените расходи за угостителски услуги, Дирекцијата за ТИРЗ заради транспарентност и отчетност ги објавува на нејзината веб страна.

Завршни одредби

**Член 8**

Средствата за угостителски услуги се користат во земјата и странство. Средствата за угостителски услуги можат да се користат во странство под услов нивното користење да е одобрено од Директорот или од органот за управување на Дирекцијата.

Средствата за угостителски услуги се користат во согласност со расположливите средства од Буџетот на Дирекцијата за ТИРЗ.

Со одобрение од Директорот може да се даде аванс за покривање на трошоци за угостителски услуги.

**Член 9**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со донесување на ова Упатство престанува да важи Упатството за користење на буџетски средства наменети за репрезентација бр. 05-93/1 од 10.01.2017 година.

**Претседател на Управен Одбор**
**Виолета Самарџиска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје * Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale Shkup